УЖ-3.бр.1292/2019

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Дијана Димитрова и Фани Илиевска - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, решавајќи по жалбата на тужителот Друштвоа за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства „РЕНИ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери, Скопје, изјавена преку полномошник Ана Панчевска, адвокат од Скопје, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.2294/2018 од 07.06.2019 година, за избор на најповолна понуда, на седницата на советот одржана на ден 12.01.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Друштвоа за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства „РЕНИ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери, Скопје изјавена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.2294/2018 од 07.06.2019 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОЗВОЛЕНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со Пресуда на Управниот суд У-5.бр.2294/2018 од 07.06.2019 година, тужбата на тужителот Друштвоа за сервисирање, одржување, трговија и услуги со противпожарни апарати, уреди, опрема и средства „РЕНИ ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ увоз-извоз Јурумлери, Скопје изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 08-715/10 од 28.11.2018 година, е одбиена како неоснована.

Против наведената пресуда жалба изјави тужителот преку полномошник Ана Панчевска, адвокат од Скопје, поради сторени суштествени повреди на постапката, погрешно и непотполно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи и пресудата да се преиначи или жалбата да се уважи и предметот се врати на повторно одлучување на Управниот суд.

Вишиот управен суд, откако ја разгледа жалбата, побиваната пресуда и списите по предметот, најде:

Жалбата е недозволена.

Имено, видно од списите по предметот тужителот до Управниот суд на ден 27.12.2018 година поднел тужба против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 08-715/10 од 28.11.2018 година. Видно од приложената тужба, истата е потпишана лично од тужителот и е ставен печат на тужителот.

Постапувајќи по тужбата Управниот суд донел пресуда У-5.бр.2294/2018 од 07.06.2019 година со која тужбата ја одбил како неоснована. Против наведената пресуда во име на тужителот жалба изјавил адвокат Ана Панчевска од Скопје, како негов полномошник, на ден 09.08.2019 година.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите кон предметот, констатира дека именуваниот полномошник не е овластен за поднесување на жалба против побиваната пресуда затоа што во списите по предметот не е приложено полномошно издадено од страна на тужителот. Од овие причини, судот со писмо за уредување на жалба на ден 15.09.2020 година го задолжи Управниот суд да го задолжи полномошникот на тужителот да достави уредно полномошно. Управниот суд со писмо од 16.09.2020 година од полномошникот побарал да ја уреди жалбата на начин што во рок од 8 дена по приемот на писмото ќе приложи полномошно од кое ќе може да се утврди дека е овластен за преземање на ова процесно дејствие. Писмото од страна на адвокатот е примено на 18.09.2020 година, но во оставениот рок не е постапено по даденото задолжение.

При состојба кога адвокатот Ана Панчевска, не доставил полномошно од кое ќе се утврди дека е овластен за поднесување на жалба, Вишиот управен суд оцени дека поднесената жалба е недозволена во смисла на одредбата од член 347 став 3 во врска со член 7-а од Законот за управните спорови.

Согласно член 347 став 3 од Законот за парнична постапка, жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата.

Според член 7-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010 од 18.11.2010 година), доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парнична постапка.

УЖ-3.бр.1292/2019

Имајќи го предвид наведеното, Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно член 356 од Законот за парничната постапка, во врска со член 7-а од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 12.01.2021 година под УЖ-3.бр.1292/2019.

Записничар - судски соработник
Милка Стефановска Трпевска с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/ЛС

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник